# ПЕРЕНИТЕ ВО ДОМАШНИТЕ ГРАДИНИ

Александра Грчева

*Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје*
*насока: Градинаро-цвеќарска*

**Апстракт**
Перените се жилави, издржливи зелести, тревни растенија кои овозможуваат голема рановидност во градините. Омилени цвеќиња се бидејќи нудат голем спектар од бои и форми, долг период на цветање и можности со успех да бидат одгледувани на различни локации. Целта на овој труд е подобро да се запознаат карактеристиките и предностите на трајните растенија, наречени перени. Оваа голема група растенија опфаќа многу разновидни растенија кои кај нас сеуште немаат широка примена. Во овој труд од големата група перени се систематизирани само по неколку видови сродни според декоративните својства, висината, бојата на цветот и според условите потребни за раст и развој. Презентирани се и основните постапки за избор на соодветни видови за формирање на цветни леи. Со придржување кон наведените чекори крајниот резултат може да биде успешна, убава, колоритна градина која е лесна за одржување.
Трудот е подготвен со преглед на обемна литература во која се обработени и презентирани многугодишните украсни растенија – перените.
**Клучни зборови:** Перени, Класификација

# PERANNUALS IN HOME GARDENS

**Aleksandra Grceva**

*Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje*
*department: Vegetable and flower crop production*

**Abstract**
Perennials are resistant and hardy grassy plants that provide huge diversity in the garden. They are popular flowers offering large varieties of colors, shapes, and long flowering period and possibilities for successful cultivation on different locations.
The goal of this article is better knowledge and the advantages of perennials. This large group of plants includes different plants still not spread in use with us. In this article from the large group of perennials only several are mentioned and classified according to their decorative characteristics such as high, color of the flower and according of their needs for development and growth. The basic principles for selection of the appropriate varieties for flower beds are presented. Attending the track for selection and grouping of perennials the result could be, beautiful and colorful garden easy for maintaining.
The article is prepared by reviewing large number of literature dealing with perennials
**Key words:** Perennials, Clasification

**Вовед**

Перените се омилени цвеќиња ширум светот, бидејќи нудат голем спектар од бои и форми, долг период на цветање и можности со успех да бидат одгледувани на различни локации. Можат да се користат поединечно или во комбинации со луковици, едногодишни цвеќиња, украсни треви, грмушки и дрвја. Кај нас перените сѐ уште не се доволно познати и многу ретко се користат за уредување на зелените површини.

Историјата на внесување повеќегодишни растенија во градините датира од 1890 година кога Џорџ Николсон од Кралската ботаничка градина во Англија предложил уредување на градина само со перени. Тој концепт многу се разликувал од дотогаш строгиот градинарски стил кој се засновал првенствено на примена на едногодишни или двогодишни растенија. Оттогаш, со применета на перените биле воведени и неколку типа цветни леи како што се

цветниот остров и цветните леи со мешани растенија.

Терминот перени се однесува на растенија кои имаат живот подолг од две години. Општо, овој термин се однесува на растенија кои ги губат надземните делови во зима и повторно растат следната пролет. Ова се главно жилави, издржливи зелести, тревни, украсни растенија. Многу градинари сакаат градини кои откако еднаш ќе бидат обликувани, во кои ќе бидат засадени растенија, тие секоја година да го имаат истиот прекрасен изглед. Постојат перени кои имаат потреба само од мало одржување, но треба да се има предвид дека ако не се посветува доволна грижа околу растенијата, тогаш не може да се очекува тие следната година да изгледаат убаво.

**Цел, предмет и метод на работа**

Целта на овој труд е подобро да се запознаат карактеристиките и предностите на трајните ратсенија, наречени перени. Оваа голема група растенија опфаќа многу разновидни растенија кои се разликуваат не само според формата, цветовите и нивната боја и времето на цветање, туку и според низа други особини кои се однесуваат на барањата за соодветни услови на средината. За да се овозможи добра примена на перените во градината, во овој труд се систематизирани само по неколку од големата група перени кои се одликуваат според декоративните својства, висината, бојата на цветот и според условите на средината потребни за раст и развој.

Трудот е подготвен со преглед на обемна литература во која се обработени и презентирани многугодишните украсни растенија – перените.

**Уредување на цветните леи со перени**

Успешна градина со трајници или перени може да се креира само ако претходно се извршат испитувања на надворешните услови и внимателно се утврдат декоративните особини на растенијата кои сакаме да ги засадиме.

Условите на средината главно се однесуваат на карактеристиките на почвата, односно на влажноста, структурата и плодноста. За некои растенија почвата може да биде премногу влажна или премногу сува, премногу богата или премногу неплодна. Најпогодна почва за одгледување на поголемиот број повеќегодишни растенија е хранливата, глинеста почва, која е добро дренирана, но која сепак ја задржува потребната влажност.

Исто така битни се позициите, односно изложеноста на сончевите зраци. Некои растенија бараат сончеви, други засенчени, а трета група полузасенчени позиции.

Треба да се води сметка и за брзината на раст и развој на растенијата во однос на местото на садење, однсно на големината на местото. Ова се однесува особено на оние растенија кои може да бидат многу агресивни што е посебно неповолно во мали градини.

Некои растенија изгледаат убаво заедно, додека други, иако се убави сами за себе, ако се измешаат не изгледаат атрактивно. Исто така постои и друго важно ограничување, имено, секое растение има сопствен циклус на растење и сезона на цветање. Треба да се избираат цвеќиња кои обезбедуваат боја и форма која ја сакаме во нашата градина. Откако ќе се одлучи кои растенија ќе бидат одгледувани и каде ќе бидат посадени, важно е да се обрне внимание на обликот и големината на цветовите, бојата на цветовите, како и на зеленилото и на времето на цветање. Кога ќе се затпочне со комбинирање, добро е да се направи мала скица за да се види како ќе изгледаат растенијата едно покрај друго кога ќе ја постигнат нивната големина. Тоа е потребно бидејќи големината на растенијата одредува колкав простор е потребен за комбинацијата.

При креирањето со перени треба да се обрне внимание и на текстурата на растенијата.Текстурата се однесува на тоа како лисјата и цветовите ни изгледаат нам. Дали тие се нежни или груби? Многу од перените имаат средно нежна текстура, така што треба да бидеме внимателни и да додадеме растенија со фина и груба текстура за да и дадеме живост на комбинацијата.

При креирањето комбинации битно е да се знае и определи времето на цветање на растенијата. Ако се комбинираат повеќе цветни вида затоа што изгледаат прекрасно заедно, тогаш треба да се знае дали тие цвеќиња цветаат во исто време. Периодот на цветање зависи од географската широчина, од температурните вредности и од почвата во градината.

**Многугодишни растенија - перени**

Многугодишните ратсенија, перените, потекнуваат од умерените географски области. Бидејќи растат во различни подрачја, тие имаа различни барања од надворешната средина. Заедничко за нив е дека, со мали исклучоци, перените ги губат надземните делови во зимскиот период и повторно се обновуваат за време на вегетациската сезона.

Перените се многу лесна цветна група за размножување. Голем број од овие видови се размножува вегетативно, додека генеративниот начин се користи многу малку. Вегетативното размножување може да биде со делење, или со резници од стеблото, коренот и листот. Делењето кај повеќегодишните растенија е особено погоден начин за размножување на оние растенија кои имаат силно разгранети корења и кои раѓаат многу фиданки околу основата. Делењето е најдобро да се изврши во периодот на мирување, односно од доцна наесен до рано напролет.

Одржувањето на перените треба да се врши со редовно копање, прашење, отстранување на плевелите и ѓубрење. Наводнувањето кај перените треба да е ретко, но долго, така што почвата ќе се натопи до длабочина од 15 cm, што значи дека на m2 е потребно 25-30 литри вода. Најпогоден систем за наводнување е системот

капка по капка. Потребно е исто така редовно да се прихрануваат. Препокривање со покривка од органски материи, како што се парчиња корка од стеблата, многу е корисно бидејќи го спречува развојот на плевелите, го забавува сушењето на почвата и го подобрува нејзиниот состав. Преку зима леите со перени треба е да се заштитат со слој од листовка, слама или тресет.

**Декоративни својства на перените**

За употреба на перените и создавање ефикасни комбинации битни се следниве својства на перените:

- векот на траење;
- висината;
- формата на растенијата;
- формата на лисјата;
- бојата на цветовите.

Векот на траење на перените е од 3 до 30 години. Целосна декоративност достигнуваат меѓу четвртата и осмата година. Во наши климатски услови зелестите растенија го губат надземниот дел во текот на зимата, а на пролет повторно се регенерираат. Висината на перените е различна, таа се движи од неколку сантиметри, па до над 2 метра.

Формата и обликот на растенијата се исто така многу важни. Растенијата имаат три основни форми - заострени или во облик на копје, заоблени или сплеснати и рамни или ползечки форми. Заострените растенија се исправени со вперени или конусни лисја, растенија како сибирскиот ирис или крокосмијата даваат вертикален акцент што обезбедува прекин на хоризонталните линии на градината.

Од спектарот на бои кај перените се среќаваат сите бои и нивните нијанси. Важно е да се применуваат перени кои убаво се сложуваат, а при тоа ќе цветаат подолг период. Перените имаат различен период на цветање и најголем број видови имаат пократки или подолги паузи во цветањето, така што многу е значајно тогаш нивните листови да се исто така декоративни. Виолетовата, сината, зелената како и бледо розовата и бледо жолтата боја се карактеризираат за ладни бои. Светло жолтата, портокаловата, црвената и темно розевата се карактеризираат за топли бои. Топлите бои се користат за да создадат возбуда во градината. Додека пак цвеќињата со ладни бои создаваат смирувачки ефект. Декоративноста на листовите може да биде изразена најпрво преку самиот форма, потоа преку нивната големина, распоредот на стеблото, како и преку нивната боја.

**Групирање на перените**

Во табелите се наведени некои карактеристични перени, групирани според потребите и условите на природната средина за раст и развој и некои декоративни својства на перените.

**Надворешни услови**
**Потреба од светлина**

| Перени кои сакаат сонце | Перени кои сакаат полусенка | Перени кои сакат сенка |
|---|---|---|
| Achillea<br>Aster alpinus<br>Aster novi- belgii<br>Centranus ruber<br>Cerasium tomentosum<br>Iberis semperflorens<br>Gaillardia<br>Paeonia<br>Iris germanica<br>Sedum<br>Phlox<br>Sedum<br>Verbena<br>Santolina<br>Thymus<br>Tritoma<br>Yucca filamentosa | Ajuga<br>Aquilegia<br>Heliopsis<br>Hemerocalis<br>Primula<br>Iberis semperflorens<br>Rudbeckia<br>Lunaria annua<br>Viola odorata<br>Solidago<br>Iris pseudocorus | Ajuga<br>Aquilegia<br>Heliopsis<br>Hemerocalis<br>Primula<br>Iberis semperflorens<br>Rudbeckia<br>Lunaria annua<br>Viola odorata<br>Solidago<br>Iris pseudocorus |

**Почвени услови**

| Перени за песоклива почва | Перени кои поднесуваат глинеста почва | Перени кои бараат алкална почва |
|---|---|---|
| Achillea tomentosa<br>Armeria<br>Dianthus (некои)<br>Papaver orientale<br>Sedum sp.<br>Paeonia<br>Veronica | Astilbe<br>Primula<br>Polygonum<br>Hemerocallis<br>Hosta | Achillea filipendulina<br>Bergenia<br>Veronica spicata<br>Campanula lactiflora<br>Dianthus plumarium<br>Geranium pretense<br>Heuchera |

**Групирање според декоративните својства**

**Висина на перените**

| | |
|---|---|
| монументални – преку 2 m | Polygonum, Delphinium |
| високи од 1 до 2 m | Solidago, Phlox, Digitalis |
| средно високи од 0,5 до 1 m | Achillea, Aquilegia, Gailardia, Rudbeckia, Paeonia |
| ниски од 25 до 30 cm | Sedum, Iris, Funkia |
| џуџести и перничести | Arabis Iberis, Primula, Armeria, Ajuga, Viola odorata, Vinca minor , Thymus, Stachis |

**Бојата на цветот**

| Сина | Жолта | Црвена | Розова | Виолетова |
|---|---|---|---|---|
| Geranium pratense<br>Campanula persicifolia<br>Phlox paniculata<br>Vinca minor | Rudbeckia<br>Coreopsis<br>Heliopsis<br>Hemerocallis | Sedum spurium<br>Gaillardia aristata<br>Campanula punctata<br>Aquilegia canadensis | Astilbe<br>Phlox<br>Dianthus<br>Paeonia | Iris<br>Salvia nemorosa<br>Phlox panicula<br>Campanula |

**Облик на листот**

| | |
|---|---|
| перени со орнаментални листови | Acanthus, Paeonia, Rudbeckia, Lupinus, Aster |
| перени со крупни листови | Bergenia, Hosta, Rheum |
| перени со копјесто издолжени листови | Hemerocalis, Iris, Allium |
| перени со елиптични листови | Stachis, Thymus, Vinca |
| перени со ситни листови | Sedum, Arabis, Phlox, Cerastium |

**Заклучок**

Добро дизајнирана градина со перени може да овозможи повеќегодишна убавина и уживање. Со внимателно избран растителен материјал и добро планирање може да се направи градина во која ќе има цветање преку целата година.

При креирањето на градина со перени постојат одредени чекори кои треба да се почитуваат:

- Избор на локацијата за примена на перените;
- Утврдување на условите на средината како што изложеноста на сончевите зраци, ветерот, типот на почвата и можностите за наводнување;
- Подготовка на нацрт на цветната леа;
- Утврдување на листата на перени кои ќе бидат употребени.

Со придржување на овие чекори крајниот резултат може да биде успешна, убава, колоритна градина. Перените всушност се растенија кои немаат некои посебни барања и се полесни за одржување во споредба со едногодишните растенија. Со својата разновидност во бои, форми и текстури, перените се вистинскиот избор за градините.

## Литература

[1] Cox J, M.; The perennial garden; 1985, Rodale Press Emmaus

[2] Colston Burrell C.; Perennial combinations; 1999, Rodale Press Emmaus

[3] The Royal Horticultural Society; Градина - Голема илустрирана енциклопедија; 2006; Младинска књига, Љубљана.

[4] Grahn J. ; Vrtno cvijece; 1987, Mladinska knjiga, Ljubljana – Zagreb

[5] Atrium tuinplantenkiezer; Longman garden plant selector ; Longman 1986